# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ЦЕНТАР - СКОПЈЕ


| | | |
|---|---|---|
| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ<br>Излегува по потреба<br>Рок на рекламации 15 дена | 27.4.2018 год.<br>Скопје<br>Број 7 год. XII | Претплатата за 2017 год. изнесува 1.500,00 денари.<br>Овој број чини 150,00 денари. |



www.centar.gov.mk gradonacalnik@centar.gov.mk


април, 2018 година

# С О Д Р Ж И Н А

Стр.


- Одлука за воспоставување меѓуопштинска соработка меѓу Општина Центар-Скопје и Град Скопје за реконструкција на улица – крак на улица „Самоилова", Општина Центар-Скопје, со Решение за објавување ........................................ 1 - 2

- Одлука за запирање на спроведувањето на деталните урбанистички планови, со Решение за објавување ........................................ 3 - 7

- Одлука за давање согласност на Одлуката бр. 02-17/32 од 14.3.2018 година за усвојување на Годишниот извештај за работењето во 2017 година на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје, со детален финансиски извештај (за период од 1.1.2017 година до 31.12.2017 година), донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје, со Решение за објавување ........................................ 8 - 9

- Одлука за давање согласност на Одлуката бр. 02-17/33 од 14.3.2018 година за усвојување на Годишната сметка за 2017 година на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје, со Решение за објавување ........................................ 10 - 11

- Одлука за давање согласност на Годишниот план за вработување во 2019 година во Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје, со Решение за објавување ........................................ 12 - 13

- Одлука за давање согласност на измената и на дополнувањето на Годишниот план за вработување во 2018 година во Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје, со Решение за објавување ........................................ 14 - 15

- Правилник за регулирање на постапката и на условите за одобрување за вршење прекопи, со Решение за објавување ........................................ 16 - 19

- Одлука за распределба на средства од Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2018 година за финансирање на здруженија и фондации, со Решение за објавување ........................................ 20 - 23

- Одлука за организирање и дефинирање на условите за доставување стока на подрачјето на Општина Центар-Скопје, со Решение за објавување ........ 24 - 26

- Одлука за давање согласност на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје за организирање јавно паркиралиште на улица „Јордан Мијалков" бр. 64, со Решение за објавување ........ 27 - 28

- Одлука за дополнување на Одлуката за давање на користење простор во Општинското основно училиште „Капиштец", Општина Центар-Скопје, во населба Капиштец, со Решение за објавување ........ 29 - 30

- Одлука за одобрување финансиски средства на Ристо Рангелов, со Решение за објавување ........ 31 - 32

- Одлука за давање согласност на Годишниот план за вработување во 2019 година на ООУ „Јохан Хајнрих Песталоци"-Скопје, со Решение за објавување ........ 33 - 34

- Одлука за давање согласност на Годишниот план за вработување во 2019 година на ООУ „Коле Неделковски"-Скопје, со Решение за објавување ........ 35 - 36

- Одлука за давање согласност на Годишниот план за вработување во 2019 година на ООУ „Гоце Делчев"-Скопје, со Решение за објавување ........ 37 - 38

- Одлука за давање согласност на Годишниот план за вработување во 2019 година на ООУ „Кочо Рацин"-Скопје, со Решение за објавување ........ 39 - 40

- Одлука за давање согласност на Годишниот план за вработување во 2019 година на ООУ „11 Октомври"-Скопје, со Решение за објавување ........ 41 - 42

- Одлука за давање согласност на Годишниот план за вработување во 2019 година на ООУ „Св. Кирил и Методиј"-Скопје, со Решение за објавување ........ 43 - 44

- Одлука за давање согласност на Годишниот план за вработување во 2019 година на ООУ „Димитар Миладинов"-Скопје, со Решение за објавување ........ 45 - 46

- Јавни објави ........ 47 - 50

ИЗДАВАЧ: ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ, ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК
ГОРАН МИЦЕВСКИ УЛ. „МИХАИЛ ЦОКОВ" Б.Б.-СКОПЈЕ,
ТЕЛ. 3 203-667 и 3 203-613 орган на Општина Центар-Скопје, Тираж 70 примероци

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06 и 12/15), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка меѓу Општина Центар-Скопје и Град Скопје за реконструкција на улица - крак на улица „Самоилова",**
**Општина Центар-Скопје**

Се објавува Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка меѓу Општина Центар-Скопје и Град Скопје за реконструкција на улица - крак на улица „Самоилова", Општина Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на дванаесеттата седница, одржана на 26.4.2018 година.

Бр. 09-2034/3
26.4.2018 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа член 36, а во врска со член 14 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 05/02) и член 4 од Законот за меѓуопштинската соработка („Службен весник на Република Македонија" бр. 79/09), Советот на Општина Центар-Скопје на дванаесеттата седница, одржана на 26.4.2018 година, донесе

## О Д Л У К А
## за воспоставување меѓуопштинска соработка меѓу Општина Центар-Скопје и Град Скопје за реконструкција на улица - крак на улица „Самоилова", Општина Центар-Скопје

### Член 1

Со оваа Одлука се воспоставува меѓуопштинска соработка меѓу Општина Центар-Скопје и Град Скопје заради остварување заедничка цел и интерес за реализација на реконструкција на улица - крак на улица „Самоилова", Општина Центар-Скопје.

### Член 2

Град Скопје ќе обезбеди финансиски средства во износ од 6.000.000,00 денари од Буџетот на Град Скопје за реализација на реконструкцијата на улицата од член 1.

### Член 3

За реализација на оваа Одлука Градоначалникот на Општина Центар-Скопје ќе склучи договор со Градоначалникот на Град Скопје, во форма и во содржина што се пропишани со Законот за меѓуопштинска соработка.

Примерок од оваа Одлука да се достави до Град Скопје.

### Член 4

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-2034/2
26.4.2018 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Јана Белчева Андреевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06 и 12/15), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за запирање на спроведувањето на деталните урбанистички планови**

Се објавува Одлуката за запирање на спроведувањето на деталните урбанистички планови,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на дванаесеттата седница, одржана на 26.4.2018 година.

Бр. 09-2034/5
26.4.2018 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 1, член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02), а во врска со член 28 став 2, член 41 став 4 алинеја 1 и член 43 став 1 алинеја 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ бр. 199/14; 44/15; 193/15; 31/16 и 163/16), Советот на Општина Центар-Скопје на дванаесеттата седница, одржана на 26.4.2018 година, донесе

## ОДЛУКА
## за запирање на спроведувањето на деталните урбанистички планови

### Член 1

**СЕ ЗАПИРА СПРОВЕДУВАЊЕТО** на следниве детални урбанистички планови:

1. Централно градско подрачје на Град Скопје-Мал Ринг, Општина Центар-Скопје - измена и дополнување, за плански период 2012-2017 година, донесен со Одлука на Советот на Општина Центар-Скопје бр. 07-9816/8 на 21.12.2012 година,
2. Измена и дополнување на Деталниот урбанистички план Голем Ринг јужен дел - исток (опфат меѓу улиците: ул. „Васил Аџиларски“, река Вардар, бул. „Кочо Рацин“ и ул. „Мирче Ацев“), за плански период 2012-2017 година, донесен со Одлука на Советот на Општина Центар-Скопје бр. 07-9816/10 на 21.12.2012 година,
3. Измена и дополнување на Деталниот урбанистички план Градска четврт Голем Ринг јужен дел - исток, за плански период 2011-2016 година, донесен со Одлука на Советот на Општина Центар-Скопје бр. 07-2780/18 на 5.4.2012 година,
4. Детален урбанистички план Голем Ринг-Запад, за плански период 2010-2015 година, донесен со Одлука на Советот на Општина Центар-Скопје бр. 07-5569/18 на 18.7.2012 година,
5. УРБАН БЛОК ПРЕСВЕТА БОГОРОДИЦА, за плански период 2004-2010 година, донесен со Одлука на Советот на Општина Центар-Скопје бр. 07-2575/16 на 20.12.2007 година,
6. Измена и дополнување на Деталниот урбанистички план за дел од урбан блок Пресвета Богородица, за плански период 2012-2017 година, донесен со Одлука на Советот на Општина Центар-Скопје бр. 07-9331/8 на 10.12.2012 година,

7. ДЕЛ ОД ЛОКАЛИТЕТОТ КРЊЕВО 1 УРБАН БЛОК 1, за плански период 2009-2014 година, донесен со Одлука на Советот на Општина Центар-Скопје бр. 07-422/12 на 16.2.2010 година,
8. КРЊЕВО 2, за плански период 2011-2016 година, донесен со Одлука на Советот на Општина Центар-Скопје бр. 07-9816/2 на 21.12.2012 година,
9. Судска палата, за плански период 2011-2016 година, донесен со Одлука на Советот на Општина Центар-Скопје бр. 07-2138/6 на 31.5.2011 година,
10. Судска палата 2, за плански период 2010-2015 година, донесен со Одлука на Советот на Општина Центар-Скопје бр. 07-1599/2 на 15.4.2011 година,
11. Градска четврт МАЏИР МААЛО, за плански период 2011-2016 година, донесен со Одлука на Советот на Општина Центар-Скопје бр. 07-5569/16 на 18.7.2012 година,
12. Измена и дополнување на Деталниот урбанистички план Маџир Маало и Градска порта Ново Маало, за плански период 2011-2016 година, донесен со Одлука на Советот на Општина Центар-Скопје бр. 07-9331/4 на 10.12.2012 година,
13. Локалитет Пролет, урбан модул 1, 2, 3 и 4, за плански период 2004-2009 година, донесен со Одлука на Советот на Општина Центар-Скопје бр. 07-1352/5 на 10.7.2007 година,
14. Централно градско подрачје Мирче Мацан, за плански период 2011-2016 година, донесен со Одлука на Советот на Општина Центар-Скопје бр. 07-9331/6 на 10.12.2012 година,
15. Јужен дел на централното градско подрачје, за плански период 2011-2016 година, донесен со Одлука на Советот на Општина Центар-Скопје бр. 07-4459/2 на 8.6.2012 година,
16. Измена и дополнување на Деталниот урбанистички план Стара железничка станица, за плански период 2011-2016 година, донесен со Одлука на Советот на Општина Центар-Скопје бр. 07-4616/4 на 18.11.2011 година,
17. Градска четврт Капиштец, локалитет Клинички блок, за плански период 2012-2017 година, донесен со Одлука на Советот на Општина Центар-Скопје бр. 07-6530/10 на 13.9.2012 година,
18. Измена и дополнување на Деталниот урбанистички план Тасино чешмиче 1, за плански период 2011-2016 година, донесен со Одлука на Советот на Општина Центар-Скопје бр. 07-4414/6 на 18.7.2014 година,
19. Измена и дополнување на Деталниот урбанистички план Тасино чешмиче 2, за плански период 2002-2007 година, донесен со Одлука на Советот на Општина Центар-Скопје бр. 07-205/1 на 5.2.2003 година,

20. Измена и дополнување на Деталниот урбанистички план Градска четврт Капиштец, локалитет Геолошки завод, за плански период 2001-2016 година, донесен со Одлука на Советот на Општина Центар-Скопје бр. 07-9331/2 на 10.12.2012 година,
21. Измена и дополнување на Деталниот урбанистички план за дел од локалитетот Буњаковец 1, УМ1, УМ2, УМ3, М4, УМ5, УМ6, УМ8, УМ9, УМ10, УМ11, УМ12, УМ13, УМ14, УМ15, УМ18, УМ19, УМ20, УМ21, УМ22, УМ23, за плански период 2011-2016 година, донесен со Одлука на Советот на Општина Центар-Скопје бр. 07-3625/14 на 10.5.2012 година,
22. Измена и дополнување на Деталниот урбанистички план Буњаковец 1 - дел од урбан модул 16, за плански период 2011-2016 година, донесен со Одлука на Советот на Општина Центар-Скопје бр. 07-4616/2 на 18.11.2011 година,
23. Измена и дополнување на Деталниот урбанистички план Буњаковец 1 - УМ 7, за плански период 2011-2016 година, донесен со Одлука на Советот на Општина Центар-Скопје бр. 07-2780/20 на 5.4.2012 година,
24. Детален урбанистички план Буњаковец 1, УМ1, УМ6, УМ7, УМ12, УМ13, УМ14, УМ16, УМ17, УМ20, УМ22, УМ23 (важи за блок 17 и за дел од блок 16), за плански период 2004-2009 година, донесен со Одлука на Советот на Општина Центар-Скопје бр. 07-466/1 на 18.2.2005 година,
25. Измена и дополнување на Деталниот урбанистички план Буњаковец 2, за плански период 2011-2016 година, донесен со Одлука на Советот на Општина Центар-Скопје бр. 07-9331/10 на 10.12.2012 година,
26. Измена и дополнување на Деталниот урбанистички план Буњаковец 2 - УМ 1.5, за плански период 2011-2016 година, донесен со Одлука на Советот на Општина Центар-Скопје бр. 07-2780/16 на 5.4.2012 година,
27. Измена и дополнување на Деталниот урбанистички план Градска четврт Дебар Маало 1, за плански период 2012-2017 година, донесен со Одлука на Советот на Општина Центар-Скопје бр. 07-9816/4 на 21.12.2012 година,
28. Дебар Маало 2, за плански период 2008-2013 година, донесен со Одлука на Советот на Општина Центар-Скопје бр. 07-3727/2 на 28.12.2009 година,
29. Измена и дополнување на Деталниот урбанистички план Дебар Маало 2 дел од блок 14, за плански период 2010-2015 година, донесен со Одлука на Советот на Општина Центар-Скопје бр. 07-2138/4 на 31.5.2011 година,
30. Централно зеленило покрај реката Вардар - јужен дел (Парк 1), за плански период 2011-2016 година, донесен со Одлука на Советот на Општина Центар-Скопје бр. 07-6530/12 на 13.9.2012 година,
31. Централно зеленило покрај реката Вардар - Парк 2, за плански период 2008-2013 година, донесен со Одлука на Советот на Општина Центар-Скопје бр. 07-387/24 на 27.2.2009 година.

**Член 2**

Се запираат постапките за издавање одобренија за подготвителни работи и постапките за издавање одобренија за градење, а кои се во границите на урбанистичко-планските документации опфатени во деталните урбанистички планови наведени во член 1 на оваа Одлука.

Сите започнати постапки и постапките за кои се издаваат одобренија за градење, во врска со деталните урбанистички планови од член 1 на оваа Одлука, може да продолжат.

Оваа Одлука не се однесува на изградба и на реконструкција на подземни инфраструктурни системи и инсталации.

**Член 3**

Запирањето на спроведувањето на деталните урбанистички планови ќе трае два (2) месеца, сметајќи од денот на донесувањето на оваа Одлука.

**Член 4**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-2034/4
26.4.2018 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Јана Белчева Андреевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06 и 12/15), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање согласност на Одлуката бр. 02-17/32 од 14.3.2018 година за усвојување на Годишниот извештај за работењето во 2017 година на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје, со детален финансиски извештај (за период од 1.1.2017 година до 31.12.2017 година), донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје**

Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлуката бр. 02-17/32 од 14.3.2018 година за усвојување на Годишниот извештај за работењето во 2017 година на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје, со детален финансиски извештај (за период од 1.1.2017 година до 31.12.2017 година), донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на дванаесеттата седница, одржана на 26.4.2018 година.

Бр. 09-2034/7
26.4.2018 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 11 став 1 точка 7 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96; 09/97; 06/02; 40/03; 49/06; 22/07; 83/09; 97/10; 06/12; 119/13; 41/14; 138/14; 25/15; 61/15 и 39/16) и член 26 став 1 точка 12 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 01/06 и 12/15), Советот на Општина Центар-Скопје на дванаесеттата седница, одржана на 26.4.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Одлуката бр. 02-17/32 од 14.3.2018 година за усвојување на Годишниот извештај за работењето во 2017 година на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје, со детален финансиски извештај (за период од 1.1.2017 година до 31.12.2017 година), донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје**

**Член 1**

Општина Центар-Скопје ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлуката бр. 02-17/32 од 14.3.2018 година за усвојување на Годишниот извештај за работењето во 2017 година на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје, со детален финансиски извештај (за период од 1.1.2017 година до 31.12.2017 година), донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје.

**Член 2**

Одлуката да се достави до Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-2034/6
26.4.2018 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Јана Белчева Андреевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06 и 12/15), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање согласност на Одлуката бр. 02-17/33 од 14.3.2018 година за усвојување на Годишната сметка за 2017 година на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје**

Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлуката бр. 02-17/32 од 14.3.2018 година за усвојување на Годишниот извештај за работењето во 2017 година на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје, со детален финансиски извештај (за период од 1.1.2017 година до 31.12.2017 година), донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на дванаесеттата седница, одржана на 26.4.2018 година.

Бр. 09-2034/9
26.4.2018 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 11 став 1 точка 7 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96; 09/97; 06/02; 40/03; 49/06; 22/07; 83/09; 97/10; 06/12; 119/13; 41/14; 138/14; 25/15; 61/15 и 39/16) и член 26 став 1 точка 12 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 01/06 и 12/15), Советот на Општина Центар-Скопје на дванаесеттата седница, одржана на 26.4.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Одлуката бр. 02-17/33 од 14.3.2018 година за усвојување на Годишната сметка за 2017 година на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје**

**Член 1**

Општина Центар-Скопје ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлуката бр. 02-17/33 од 14.3.2018 година за усвојување на Годишната сметка за 2017 година на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје.

**Член 2**

Одлуката да се достави до Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-2034/8 Совет на Општина Центар-Скопје
26.4.2018 година Претседател
С к о п ј е Јана Белчева Андреевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06 и 12/15), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување во 2019 година во Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје**

Се објавува Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување во 2019 година во Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на дванаесеттата седница, одржана на 26.4.2018 година.

Бр. 09-2034/11
26.4.2018 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02), а во врска со член 20-б став 2 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14; 199/14 и 27/16), Советот на Општина Центар-Скопје на дванаесеттата седница, одржана на 26.4.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Годишниот план за вработување во 2019 година во Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје**

**Член 1**

Се дава согласност на Годишниот план за вработување во 2019 година во Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје.

**Член 2**

Одлуката да се достави до Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-2034/10
26.4.2018 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Јана Белчева Андреевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06 и 12/15), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање согласност на измената и на дополнувањето на Годишниот план за вработување во 2018 година во Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје**

Се објавува Одлуката за давање согласност на измената и на дополнувањето на Годишниот план за вработување во 2018 година во Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на дванаесеттата седница, одржана на 26.4.2018 година.

Бр. 09-2034/13
26.4.2018 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02), а во врска со член 20-б став 2 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14; 199/14 и 27/16), Советот на Општина Центар-Скопје на дванаесеттата седница, одржана на 26.4.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на измената и на дополнувањето на Годишниот план за вработување во 2018 година во Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје**

**Член 1**

Се дава согласност на измената и на дополнувањето на Годишниот план за вработување во 2018 година во Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје.

**Член 2**

Одлуката да се достави до Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-2034/12
26.4.2018 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Јана Белчева Андреевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06 и 12/15), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Правилникот за регулирање на постапката и на условите за одобрување за вршење прекопи**

Се објавува Правилникот за регулирање на постапката и на условите за одобрување за вршење прекопи,

што Советот на Општина Центар-Скопје го донесе на дванаесеттата седница, одржана на 26.4.2018 година.

Бр. 09-2034/15
26.4.2018 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 05/02) и член 26 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 01/06), а во врска со член 55 став 1 точка 4 в од Законот за јавни патишта („Службен весник на Република Македонија" бр. 84/08; 52/09; 114/09; 39/10; 124/10; 23/11; 53/11; 44/12; 168/12; 163/13; 187/13; 39/14 и 42/14), Советот на Општина Центар-Скопје на дванаесеттата седница, одржана на 26.4.2018 година, донесе

# ПРАВИЛНИК
## за регулирање на постапката и на условите за одобрување за вршење прекопи

### Член 1

Со овој Правилник се регулира постапката за поставување, реконструкција и за поправка на инсталациите во трупот на патот и на патниот појас на улиците и на тротоарите што се во надлежност на Општина Центар-Скопје, како и утврдувањето на висината на надоместокот за обезбедување финансиски средства за одржување и за заштита на општинските патишта.

### Член 2

Секторот за урбанизам на Општина Центар-Скопје при издавањето одобрение за градење го задолжува инвеститорот/подносителот на барањето пред започнувањето на постапката за добивање приклучоци на објектот на водоводна, атмосферска и на фекална канализација, електрична, телефонска, кабелска и друг вид инсталација, за кои е потребна каква било интервенција за изведување прекопи на улица или на тротоар, да побара и да добие дозвола од Општина Центар-Скопје за вршење прекопи.

### Член 3

По завршувањето на градежните работи - поставување, реконструкција и поправка на инсталациите во трупот на патот и на патниот појас на улиците и на тротоарите што се во надлежност на Општина Центар-Скопје, инвеститорот/подносителот на барањето е должен јавната површина каде што се изведувани градежните работи да ја врати во првобитната состојба, и тоа:

- На улиците на кои се врши прекоп се одобрува прекоп така што улицата се санира на тој начин што се враќа во првобитната состојба, минимум по 0,5 метри од левата и од десната страна на прекопот по целата ширина на улицата;

- На тротоарите се одобрува прекоп така што тротоарот се враќа во првобитната состојба по целата ширина, во должина од 0,5 метри лево и десно од прекопот.

**Член 4**

Надоместокот за поставување и за реконструкција на инсталациите во трупот на патот и на патниот појас на улиците и на тротоарите што се во надлежност на Општина Центар-Скопје изнесува 9% со вклучен ДДВ од вредноста на градежните работи во согласност со Одлуката за утврдување нормирана цена за градежно-земјени работи за изведба на прекопи за подземни инсталации.

**Член 5**

Постапката за одобрување за вршење прекопи на улиците што се во надлежност на Општина Центар-Скопје е следна:

- Поднесување Барање од инвеститорот/подносителот на Барање, кое ќе содржи скица/цртеж (за водоводна, атмосферска и за фекална канализација потребно е да се достават решение и хидротехнички услови со графички и текстуален дел, издадени од ЈП „Водовод и канализација" Скопје), детална пресметка за градежните работи (во случај кога ширината на прекопот е поголема од 0,5 метри), точна адреса, вид и должина на прекопот;

- Рокот за планираните градежни активности и потребниот период за санација нема да биде подолг од 10 дена;

- Разгледување на поднесеното Барање;

- Изработка на пресметка за изведба на прекопи за подземни инсталации врз основа на Одлуката за утврдување нормирана цена за градежно-земјени работи за изведба на прекопи за подземни инсталации;

- Издавање дозвола за прекоп;

- Известување од подносителот на Барање/инвеститорот за започнување со изведувањето на прекопот во согласност со добиената дозвола.

За сите работи што не се регулирани со овој Правилник соодветно ќе се применуваат одредбите од Законот за општата управна постапка.

**Член 6**

За одобрување за вршење прекопи на улици што се во надлежност на Општината, а по барање на операторите (за приклучок на водоводна, атмосферска и на фекална канализација, електрична, телефонска, кабелска и друг вид инсталација), само за итни интервентни работи се склучува годишен договор за регулирање на меѓусебните права и обврски меѓу Општина Центар-Скопје и подносителот на Барање/инвеститорот/операторот.
По склучувањето на годишниот договор за регулирање на меѓусебните права и обврски меѓу Општина Центар-Скопје и подносителот на Барање

инвеститорот/операторот, тој е должен веднаш или наредниот работен ден да достави известување до Општина Центар-Скопје за настанатата итна интервенција. Во известувањето треба да бидат опишани работите што биле извршени, а врз негова основа ќе се изготви пресметка по која подносителот на Барање инвеститорот/операторот ќе изврши уплата за неа.

**Член 7**

Постапката за одобрување за вршење прекопи на улици што се во надлежност на Општина Центар-Скопје и контролата на нивната реализација ќе ги спроведува Секторот за уредување на градежно земјиште, комунални работи и заштита на животната средина на Општина Центар-Скопје.

**Член 8**

Овој Правилник ќе се применува и за сите започнати градби и градежни активности што се во тек на денот на неговото стапување во сила.

**Член 9**

Со стапувањето во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за утврдување на постапката и на условите за издавање согласност за прекопи со бр. 08-5371/20 од 27.12.2017 година.

**Член 10**

Овој Правилник стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-2034/14
26.4.2018 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Јана Белчева Андреевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06 и 12/15), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за распределба на средства од Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2018 година за финансирање на здруженија и фондации**

Се објавува Одлуката за распределба на средства од Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2018 година за финансирање на здруженија и фондации,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на дванаесеттата седница, одржана на 26.4.2018 година.

Бр. 09-2034/17
26.4.2018 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2018 година на Општина Центар-Скопје и Правилникот за постапката и начинот на распределба на финансиски средства од Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите на Општина Центар-Скопје за 2018 година („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 05/18), Советот на Општина Центар-Скопје на дванаесеттата седница, одржана на 26.4.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за распределба на средства од Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2018 година за финансирање на здруженија и фондации**

**Член 1**

Општина Центар-Скопје распиша Јавен повик за прибирање барања за користење средства од Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2018 година, кои се наменети за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите, кој беше објавен во весникот „Слободен печат“ на 20.3.2018 година.

**Член 2**

Во 2018 година ќе се финансираат следниве здруженија:

1. Здружение на граѓани за поддршка на лица со попреченост „Огледало“, проект: „Погледни околу себе“ ............. 1.000.000,00 ден.

2. Здружение на слепи лица и лица со оштетен вид Скопје, проект: „Републички голбал турнир“ ......................................... 30.000,00 ден.

3. Здружение на инвалиди на трудот и корисници на инвалидска пензија, проект: „Подобрување на условите на инвалидските пензионери, лицата со загубена преостаната и намалена работна способност и телесно оштетување“ ..................................................30.000,00 ден.

4. Организација за туризам, култура и традиција ОТКТ Скопје, проект: „Детски права, обврски и поим за дискриминација“ ........ 50.000,00 ден.

5. Здружение за хумано-општествен развој „Проект Среќа“-Скопје, проект: „Спортско-забавен летен камп за деца во социјален ризик 'Шарено лето' - 2018“ ............................................ 100.000,00 ден.

6. Здружение за хумано-општествен развој „Проект Среќа“-Скопје, проект: „17 Октомври, интернационален ден за борба против сиромаштијата“ ........................................................ 100.000,00 ден.

7. Здружение за женски иницијативи Женски центар „Астарта“ Скопје, проект: „Холистичка едукација за бременост, породување и родителство за граѓаните на Општина Центар“ ............ 250.000,00 ден.

8. Здружение за истражување на пазарот на труд во функција на мултиетничката толеранција „Профицио“, проект: „Развој на претприемачки вештини и поттикнување на иновативниот дух на младата популација на Општина Центар“ .................... 100.000,00 ден.
9. Прв скопски извиднички одред ПСИО, проект: „Улични игри“ ......................................................................... 60.000,00 ден.

10. Здружение на граѓани „Трифор“ Скопје, проект: Климатските промени и урбаното зеленило во Општина Центар .................. 210.000,00 ден.

11. Фондација за промовирање на иновативно учење, едукација и личен развој СТЕМ Академија Скопје, проект: „Едукација на децата од областа на обновливите извори на енергија - бесценета надеж за иднината“ ............................................................. 250.000,00 ден.

12. Центар за развој на демократијата „Алтер“ Скопје, проект: Кампања „Центар е нашиот двор и е чист! А вашиот?“ .............. 30.000,00 ден.

13. Општински одбор на Сојузот на борците од НОАВМ, проект: „Одбележување историски настани и личности“ ......... 100.000,00 ден.
14. Ансамбл за народни песни и ора „Скопје“-Скопје, проект: „Изучување и негување на македонскиот фолклор и традиција“ ..... 20.000,00 ден.

15. Хорско-музичко друштво „Кочо Рацин“-Скопје, проект: „110 години од раѓањето на Кочо Рацин“ ...................................... 20.000,00 ден.

16. Национална мрежа против насилство врз жени и семејно насилство „Глас против насилство“, проект: „Летна школа за женски активизам“ ............................................................ 150.000,00 ден.

**Член 3**

Оваа Одлука ја спроведува Секторот за јавни дејности.

**Член 4**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на донесувањето и ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-2034/16<br>26.4.2018 година<br>С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје<br>Претседател<br>Јана Белчева Андреевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06 и 12/15), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за организирање и дефинирање на условите за доставување стока на подрачјето на Општина Центар-Скопје**

Се објавува Одлуката за организирање и дефинирање на условите за доставување стока на подрачјето на Општина Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на дванаесеттата седница, одржана на 26.4.2018 година.

Бр. 09-2034/19
26.4.2018 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 05/02), Советот на Општина Центар-Скопје на дванаесеттата седница, одржана на 26.4.2018 година, донесе

## ОДЛУКА
## за организирање и дефинирање на условите за доставување стока на подрачјето на Општина Центар-Скопје

### Член 1

Со оваа Одлука се дефинираат условите за доставување (истоварање/товарање) стока од моторните возила на јавните површини, начинот и времето на вршење истоварање и товарање на стоката, запирање и паркирање на возилата за истоварање и товарање стока на подрачјето на Општина Центар-Скопје.

### Член 2

Под јавни површини во смисла на член 1 на оваа Одлука се подразбираат: улици, тротоари, пешачки зони, пешачки патеки, плоштади и други сообраќајни површини.

### Член 3

Одредбите од оваа Одлука не се применуваат за правните и за физичките лица што имаат обезбеден пристап до објектите каде што вршат дејност или до други објекти, а кои не го попречуваат сообраќајот на пешаците и на возилата, како и за возилата што вршат истоварање и товарање стока и кои можат да користат паркинг-место ако габаритот на возилото одговара на површината на паркинг-местото.

### Член 4

Подрачје на кое е забрането запирање и паркирање, освен запирање и паркирање на возилата заради доставување (истоварање и товарање) стока, се сервисните улици на територијата на Општината.

Пешачки површини претставуваат површините на кои е забранет сообраќај на моторни возила, освен возила што се движат, запираат и се паркираат заради доставување (истоварање и товарање) стока.

**Член 5**

Возилата за доставување стока на подрачјето на Општина Центар-Скопје може да запираат и да се паркираат додека трае процесот на истоварање и товарање, но не подолго од 15 минути.

На подрачјето што е утврдено во член 4 на оваа Одлука возилата за доставување стока може да вршат запирање и паркирање заради доставување стока секој ден во временскиот период од 18 часот до 7.30 часот.

**Член 6**

Доставувањето стока може да се реализира ако со тоа не се загрози безбедноста на сообраќајот, на пешаците и на возилата.

Стоката не смее да биде оставена на тротоар или на друга сообраќајна површина додека трае истоварањето и товарањето. По завршувањето на истоварањето и на товарањето возилото треба веднаш да се отстрани од јавната површина.

**Член 7**

Истоварање и товарање на стока од моторно возила се врши по правило на коловоз, со вклучување на сите покажувачи на правци за движење.

По исклучок од став 1 на овој член, возачот на возилото за истоварање и товарање стока може да застане и да се паркира на тротоар или на друга јавна површина ако се обезбеди простор за безбедно одвивање на пешачкиот и на велосипедскиот сообраќај од најмалку 2,5 метри.

**Член 8**

Примерок од Одлуката да се достави до Министерството за внатрешни работи - Сектор за сообраќај.

**Член 9**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-2034/18
26.4.2018 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Јана Белчева Андреевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06 и 12/15), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање согласност на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје за организирање јавно паркиралиште на улица „Јордан Мијалков" бр. 64**

Се објавува Одлуката за давање согласност на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје за организирање јавно паркиралиште на улица „Јордан Мијалков" бр. 64,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на дванаесеттата седница, одржана на 26.4.2018 година.

Бр. 09-2034/21
26.4.2018 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 26 став 1 точка 12 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 01/06 и 12/15), Советот на Општина Центар-Скопје на дванаесеттата седница, одржана на 26.4.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје за организирање јавно паркиралиште на улица „Јордан Мијалков" бр. 64**

**Член 1**

Општина Центар-Скопје му ДАВА СОГЛАСНОСТ на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје за организирање јавно паркиралиште на улица „Јордан Мијалков" бр. 64.

**Член 2**

Одлуката да се достави до Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-2034/20
26.4.2018 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Јана Белчева Андреевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06 и 12/15), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за дополнување на Одлуката за давање на користење простор во Општинското основно училиште „Капиштец", Општина Центар-Скопје, во населба Капиштец**

Се објавува Одлуката за дополнување на Одлуката за давање на користење простор во Општинското основно училиште „Капиштец", Општина Центар-Скопје, во населба Капиштец,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на дванаесеттата седница, одржана на 26.4.2018 година.

Бр. 09-2034/23
26.4.2018 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 7 и член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02), Советот на Општина Центар-Скопје на дванаесеттата седница, одржана на 26.4.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за дополнување на Одлуката за давање на користење простор во Општинското основно училиште „Капиштец“, Општина Центар-Скопје, во населба Капиштец**

**Член 1**

Одлуката за давање на користење простор во Општинското основно училиште „Капиштец“, Општина Центар-Скопје, во населба Капиштец („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 8/17), се дополнува, и тоа:

- во насловот на Одлуката по зборовите „за давање на“ се додава зборот „трајно“

- во член 1 од Одлуката по зборовите „се дава на“ се додава зборот „трајно“.

**Член 2**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-2034/22
26.4.2018 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Јана Белчева Андреевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06 и 12/15), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за одобрување финансиски средства на Ристо Рангелов**

Се објавува Одлуката за одобрување финансиски средства на Ристо Рангелов,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на дванаесеттата седница, одржана на 26.4.2018 година.

Бр. 09-2034/25
26.4.2018 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 26 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 01/06 и 12/15), Советот на Општина Центар-Скопје на дванаесеттата седница, одржана на 26.4.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување финансиски средства**
**на Ристо Рангелов**

**Член 1**

На Ристо Рангелов од Скопје му се доделуваат финансиски средства во вкупен износ од 90.000,00 денари како помош за санација на оштетувања настанати од гаснење пожар во стан на ул. „Даме Груев“ бр. 3/2-4 Скопје и за трошоци за вештачење.

**Член 2**

Општина Центар-Скопје ќе ги исплати средствата од член 1 од Буџетот на Општината за 2018 година.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-2034/24
26.4.2018 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Јана Белчева Андреевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06 и 12/15), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување во 2019 година на ООУ „Јохан Хајнрих Песталоци“-Скопје**

Се објавува Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување во 2019 година на ООУ „Јохан Хајнрих Песталоци“-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на дванаесеттата седница, одржана на 26.4.2018 година.

Бр. 09-2034/27
26.4.2018 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02), а во врска со член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14; 199/14 и 27/16), Советот на Општина Центар-Скопје на дванаесеттата седница, одржана на 26.4.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Годишниот план за вработување во 2019 година на ООУ „Јохан Хајнрих Песталоци“-Скопје**

**Член 1**

Се дава согласност на Годишниот план за вработување во 2019 година на ООУ „Јохан Хајнрих Песталоци“-Скопје.

**Член 2**

Одлуката да се достави до ООУ „Јохан Хајнрих Песталоци“-Скопје.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-2034/26
26.4.2018 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Јана Белчева Андреевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06 и 12/15), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување во 2019 година на ООУ „Коле Неделковски“-Скопје**

Се објавува Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување во 2019 година на ООУ „Коле Неделковски“-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на дванаесеттата седница, одржана на 26.4.2018 година.

Бр. 09-2034/29
26.4.2018 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02), а во врска со член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14; 199/14 и 27/16), Советот на Општина Центар-Скопје на дванаесеттата седница, одржана на 26.4.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Годишниот план за вработување во 2019 година на ООУ „Коле Неделковски“-Скопје**

**Член 1**

Се дава согласност на Годишниот план за вработување во 2019 година на ООУ „Коле Неделковски“-Скопје.

**Член 2**

Одлуката да се достави до ООУ „Коле Неделковски“-Скопје.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-2034/28
26.4.2018 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Јана Белчева Андреевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06 и 12/15), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување во 2019 година на ООУ „Гоце Делчев"-Скопје**

Се објавува Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување во 2019 година на ООУ „Гоце Делчев"-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на дванаесеттата седница, одржана на 26.4.2018 година.

Бр. 09-2034/31
26.4.2018 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02), а во врска со член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14; 199/14 и 27/16), Советот на Општина Центар-Скопје на дванаесеттата седница, одржана на 26.4.2018 година, донесе

## **О Д Л У К А**
## **за давање согласност на Годишниот план за вработување во 2019 година на ООУ „Гоце Делчев“-Скопје**

### **Член 1**

Се дава согласност на Годишниот план за вработување во 2019 година на ООУ „Гоце Делчев“-Скопје.

### **Член 2**

Одлуката да се достави до ООУ „Гоце Делчев“-Скопје.

### **Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-2034/30 Совет на Општина Центар-Скопје
26.4.2018 година Претседател
С к о п ј е Јана Белчева Андреевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06 и 12/15), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување во 2019 година на ООУ „Кочо Рацин“-Скопје**

Се објавува Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување во 2019 година на ООУ „Кочо Рацин“-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на дванаесеттата седница, одржана на 26.4.2018 година.

Бр. 09-2034/33
26.4.2018 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02), а во врска со член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14; 199/14 и 27/16), Советот на Општина Центар-Скопје на дванаесеттата седница, одржана на 26.4.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Годишниот план за вработување во 2019 година на ООУ „Кочо Рацин"-Скопје**

**Член 1**

Се дава согласност на Годишниот план за вработување во 2019 година на ООУ „Кочо Рацин"-Скопје.

**Член 2**

Одлуката да се достави до ООУ „Кочо Рацин"-Скопје.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-2034/32
26.4.2018 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Јана Белчева Андреевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06 и 12/15), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување во 2019 година на ООУ „11 Октомври“-Скопје**

Се објавува Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување во 2019 година на ООУ „11 Октомври“-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на дванаесеттата седница, одржана на 26.4.2018 година.

Бр. 09-2034/35
26.4.2018 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02), а во врска со член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14; 199/14 и 27/16), Советот на Општина Центар-Скопје на дванаесеттата седница, одржана на 26.4.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Годишниот план за вработување во 2019 година на ООУ „11 Октомври“-Скопје**

**Член 1**

Се дава согласност на Годишниот план за вработување во 2019 година на ООУ „11 Октомври“-Скопје.

**Член 2**

Одлуката да се достави до ООУ „11 Октомври“-Скопје.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-2034/34
26.4.2018 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Јана Белчева Андреевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06 и 12/15), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување во 2019 година на ООУ „Св. Кирил и Методиј"-Скопје**

Се објавува Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување во 2019 година на ООУ „Св. Кирил и Методиј"-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на дванаесеттата седница, одржана на 26.4.2018 година.

Бр. 09-2034/37
26.4.2018 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02), а во врска со член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14; 199/14 и 27/16), Советот на Општина Центар-Скопје на дванаесеттата седница, одржана на 26.4.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Годишниот план за вработување во 2019 година на ООУ „Св. Кирил и Методиј“-Скопје**

**Член 1**

Се дава согласност на Годишниот план за вработување во 2019 година на ООУ „Св. Кирил и Методиј“-Скопје.

**Член 2**

Одлуката да се достави до ООУ „Св. Кирил и Методиј“-Скопје.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-2034/36
26.4.2018 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Јана Белчева Андреевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06 и 12/15), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување во 2019 година на ООУ „Димитар Миладинов“-Скопје**

Се објавува Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување во 2019 година на ООУ „Димитар Миладинов“-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на дванаесеттата седница, одржана на 26.4.2018 година.

Бр. 09-2034/39
26.4.2018 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02), а во врска со член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14; 199/14 и 27/16), Советот на Општина Центар-Скопје на дванаесеттата седница, одржана на 26.4.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Годишниот план за вработување во 2019 година на ООУ „Димитар Миладинов"-Скопје**

**Член 1**

Се дава согласност на Годишниот план за вработување во 2019 година на ООУ „Димитар Миладинов"-Скопје.

**Член 2**

Одлуката да се достави до ООУ „Димитар Миладинов"-Скопје.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-2034/38
26.4.2018 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Јана Белчева Андреевска с.р.

ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ
Бр. 33-ИП1-141 од 18.07.2017 г.
С К О П Ј Е

Врз основа на член 134 став 1 алинеа 1 и член 137 став 1 од Законот за градење ("Службен весник на РМ" број 130/2009, број 124/2010, број 18/2011, број 36/2011, број 54/2011, број 13/2012, број 144/2012), овластениот градежен инспектор при Општината Центар, донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е

**1. СЕ НАРЕДУВА НА ИНВЕСТИТОРОТ** НЕПОЗНАТ ИНВЕСТИТОР од Скопје **ВО РОК ОД 3(ТРИ) ДЕНА** по приемот на ова решение да ја **ОТСТРАНИ** градбата – **ПОМОШЕН ОБЈЕКТ со димензии 3.00x2.00м НА КП 118 КО ЦЕНТАР 1**, што е изградена **БЕЗ ОДОБРЕНИЕ ЗА ГРАДЕЊЕ** на ул."Јордан Мијалков" бб до Урбан парк – Скопје.

2. Ако градбата не се отстрани во определениот рок, ќе се пристапи кон присилно административно извршување на градбата.
3. Трошоците за извршување на решението се надоместуваат од извршеникот.
4. Жалбата против ова решение не го одлага извршувањето на решението.

### О б р а з л о ж е н и е

1. Овластениот градежен инспектор при Општината Центар, постапувајќи по службена должност при вршење на инспекциски надзор, изврши увид на лице место и констатира со Записник уп.бр. 33-ИП1-141 од 18.07.2017 година, дека градителот НЕПОЗНАТ ИНВЕСТИТОР, **ИМА ИЗГРАДЕНО – ПОМОШЕН ОБЈЕКТ со димензии 3.00x2.00м НА КП 118 КО ЦЕНТАР 1**, ул."Јордан Мијалков" бб до Урбан парк – Скопје.

Во конкретниот случај изјавената жалба против првостепеното решение со кое се наредува отстранување на градбата што се гради без одобрение за градење согласно член 137 став 4 од Законот за градење ("Службен весник на РМ" број 130 од 28.10.2009 год.), не го одлага извршувањето на решението.

Со оглед на тоа што при инспекцискиот надзор е утврдено дека градителот ја гради градбата без одобрение за градење согласно член 134 став 1 алинеа 1 од Законот за градење ("Службен весник на РМ" број 130 од 28.10.2009 год.) се донесе решение како во диспозитивот.

| | |
|---|---|
| **УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** | Против ова решение недоволната странка има право на жалба до Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка во рок од 15 дена од денот на приемот на ова решение. Жалбата се таксира со 200,00 денари по тарифен број 94 од Законот за изменување и дополнување за административни такси (Службен Весник на РМ број 6 од 15.01.2010). |

**ОВЛАСТЕН ГРАДЕЖЕН ИНСПЕКТОР,**
**дипл. град.инж. Олга Влинтоска**

ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ
Бр. 33-ИП1-141 од 18.07.2017 г.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 223, 224 и 225 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на РМ" број 38 од 26.05.2005 год. и број 110 од 02.09.2008год.), овластениот градежен инспектор при Општината Центар, донесе :

**ЗАКЛУЧОК**
- за дозвола на извршување -

1. **СЕ УТВРДУВА** дека решението уп.бр. 33-ИП1-141 од 18.07.2017 год. донесено од страна на овластениот градежниот инспектор при Општина Центар – Скопје, е **ИЗВРШНО** и се допушта неговото административно извршување.
2. **СЕ НАЛАГА** на извршеникот инвеститор НЕПОЗНАТ ИНВЕСТИТОР од Скопје, **ВО РОК ОД 3(ТРИ) ДЕНА** по приемот на овој Заклучок сам да ја **ОТСТРАНИ** градбата: **ПОМОШЕН ОБЈЕКТ со димензии 3.00x2.00м НА КП 118 КО ЦЕНТАР 1** на ул."Јордан Мијалков" бб до Урбан парк – Скопје, или го допушти неговото присилно административно извршување.
3. До колку извршеникот не постапи по овој Заклучок, извршувањето ќе се спроведе по присилен пат за сметка на извршеникот.
4. Жалбата изјавена против овој Заклучок не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Овластениот градежен инспектор при Општина Центар, со решение уп.бр. 33-ИП1-141 од 18.07.2017 година, му наложи на градителот НЕПОЗНАТ ИНВЕСТИТОР од Скопје, да ја **ОТСТРАНИ** градбата – **ПОМОШЕН ОБЈЕКТ со димензии 3.00x2.00м НА КП 118 КО ЦЕНТАР 1** што е изградена **БЕЗ ОДОБРЕНИЕ ЗА ГРАДЕЊЕ** на ул."Јордан Мијалков" бб до Урбан парк – Скопје.
Во конкретниот случај изјавената жалба против првостепеното решение со кое се наредува отстранување на градбата што се гради без одобрение за градба , а чие извршување се допушта со овој Заклучок, согласно член 137 алинеа 4 од Законот за градење ("Службен весник на РМ" број 130/2009, број 124/2010 и број 18/2011) не го одлага извршувањето на решението. Поради тоа во оваа управна работа првостепеното решение во смисла на одредбите на член 270 став 2 точка 3 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на РМ" број 38/05 и број 110/08) и член 142 став 1 од Законот за градење (("Службен весник на РМ" број 130/2009, број 124/2010 и број 18/2011) станува извршно со доставување заклучок на странката на која се однесува решението.
Бидејќи споменатото решение станало извршно се одлучи како во диспозитивот на овој Заклучок.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против ова решение недоволната странка има право на жалба до Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка во рок од 15 дена од денот на приемот на ова решение.
Жалбата се таксира со 200,00 денари по тарифен број 94 од Законот за изменување и дополнување за административни такси (Службен Весник на РМ број 6 од 15.01.2010).

**ОВЛАСТЕН ГРАДЕЖЕН ИНСПЕКТОР,**
**Олга Влинтоска дипл. град.инж.**

ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ
Бр. Ип1 бр. 33-67 од 23.03.2018 г.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 135 алинеа 3 и член 137 став 1 од Законот за градење ("Службен весник на РМ" бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11,13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16 и 35/18) овластениот градежен инспектор во Општината Центар-Скопје, донесе:

**РЕШЕНИЕ**

**1.СЕ НАРЕДУВА НА ИНВЕСТИТОРОТ ДТПУЗ ДЕКСИОН КО ЗЛАТКО ДООЕЛ ЕКСПОРТ-ИМПОРТ СКОПЈЕ,** со седиште на ул. „Мајски манифест" бр.17, Ѓорче Петров, Скопје, по приемот на ова решение, **во рок од ТРИ ДЕНА, да ги ОТСТРАНИ градбите** , -НАСТРЕШНИЦА со димензии 8.00м x 20.00м. и ДВЕ ШЕСТОАГОЛНИ НАСТРЕШНИЦИ со димензии 4.00м x 4.00м, кои се градат од комбиниран градежен материјал: столбови од тула и дрво, зидови од тула и кровна дрвена конструкција покриена со тегола и лим, на ул. „Живко Чинго" број 7, на КП 10198, ИЛ 55148, КО ЦЕНТАР 1, Скопје, сопственост на Република Македонија, воведени во градежен дневник на овластениот градежен инспектор број 6 од 22.03.2018 г.

2. Ако градбата не се отстрани во определениот рок, ќе се пристапи кон присилно административно извршување на градбата.

3.Трошоците за извршување на решението се надоместуваат од извршеникот.

4. За надомест на трошоците направени при извршувањето на решението ќе биде донесен посебен заклучок

5. Жалбата против ова решение не го одлага извршувањето на решението.

**Образложение**

Овластениот градежен инспектор во Општината Центар-Скопје, постапувајќи по службена должност изврши увид на лице место и констатира со Записник за констатација Ип1 бр. 33- 67 од 22.03.2018 г, градежен дневник број 6 од 22.03.2018г, дека ИНВЕСТИТОРОТ ДТПУЗ ДЕКСИОН КО ЗЛАТКО ДООЕЛ ЕКСПОРТ-ИМПОРТ СКОПЈЕ, со седиште на ул. „Мајски манифест" бр.17, Ѓорче Петров, Скопје, не поседува решение (согласно член 73 и 74 од Законот за градење) за изградба на настрешниците, со димензии 8.00м x 20.00м. и две шестоаголни настрешници со димензии 4.00м x 4.00м, кои се градат од комбиниран градежен материјал: столбови од тула и дрво, зидови од тула и кровна дрвена конструкција покриена со тегола и лим , на ул. „Живко Чинго" број 7, на КП 10198, ИМОТЕН ЛИСТ БРОЈ 55148, КО ЦЕНТАР 1, Скопје, сопственост на Република Македонија.

Во конкретниот случај изјавената жалба против првостепеното решение со кое се наредува отстранување на градбите, согласно член 137 став 4 од Законот за градење ("Службен весник на РМ"130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11,13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16 и 132/16), не го одлага извршувањето на решението.

Со оглед на тоа што при инспекцискиот надзор е утврдено дека градителот ги гради настрешниците без да поседува решение (согласно член 73 и 74 од Законот за градење), согласно член 135 алинеа 3 од Законот за градење ("Службен весник на РМ" бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11,13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16 и 35/18) се донесе решение како во диспозитивот.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против ова решение недоволната странка има право на жалба до Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапкаво рок од 15 дена од денот на приемот на ова решение.
Жалбата се таксира со 200,00 денари по тарифен број 94 од Законот за изменување и дополнување за административни такси (Службен Весник на РМ број 6 од 15.01.2010).

**ОВЛАСТЕН ГРАДЕЖЕН ИНСПЕКТОР**
**дипл. инж. арх. Милан Пижула**

ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ
Ип1 бр. 33-67 од 27.03.2018 г.
С К О П Ј Е

Врз основа на член 142 од Законот за градење ("Службен весник на РМ" бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11,13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16 и 35/18) овластениот градежен инспектор во Општината Центар-Скопје, донесе:

## З А К Л У Ч О К
- за дозвола на извршување -

1. **СЕ УТВРДУВА** дека решението Ип1 бр.33-67 од 23.03.2018г. донесено од страна на овластениот градежниот инспектор во Општина Центар – Скопје, е **ИЗВРШНО** и се допушта неговото административно извршување.
2. **СЕ НАЛАГА** на извршеникот **ИНВЕСТИТОРОТ ДТПУЗ ДЕКСИОН КО ЗЛАТКО ДООЕЛ ЕКСПОРТ-ИМПОРТ СКОПЈЕ,** со седиште на ул. „Мајски манифест" бр.17, Ѓорче Петров, Скопје, по приемот на ова решение, **ВО РОК ОД 3(ТРИ) ДЕНА** по приемот на овој Заклучок сам **да ги ОТСТРАНИ градбите** , -НАСТРЕШНИЦА со димензии 8.00м x 20.00м. и ДВЕ ШЕСТОАГОЛНИ НАСТРЕШНИЦИ со димензии 4.00м x 4.00м, кои се градат од комбиниран градежен материјал: столбови од тула и дрво, зидови од тула и кровна дрвена конструкција покриена со тегола и лим, на ул. „Живко Чинго" број 7, на КП 10198, ИЛ 55148, КО ЦЕНТАР 1, Скопје, сопственост на Република Македонија, или го допушти неговото присилно административно извршување.
3. До колку извршеникот не постапи по овој Заклучок, извршувањето ќе се спроведе по присилен пат за сметка на извршеникот.
4. Жалбата изјавена против овој Заклучок не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Овластениот градежен инспектор во Општина Центар-Скопје, со решение уп.бр. 33-ИП1-67 од 23.03.2018г., **ДТПУЗ ДЕКСИОН КО ЗЛАТКО ДООЕЛ ЕКСПОРТ-ИМПОРТ СКОПЈЕ,** да ги **ОТСТРАНИ** градбите - **НАСТРЕШНИЦА** со димензии 8.00м x 20.00м. и **ДВЕ ШЕСТОАГОЛНИ НАСТРЕШНИЦИ** со димензии 4.00м x 4.00м, кои се градат од комбиниран градежен материјал: столбови од тула и дрво, зидови од тула и кровна дрвена конструкција покриена со тегола и лим, на ул. „Живко Чинго" број 7, на КП 10198, ИЛ 55148, КО ЦЕНТАР 1, Скопје, сопственост на Република Македонија.

Во конкретниот случај изјавената жалба против првостепеното решение со кое се наредува отстранување на градбата, а чие извршување се допушта со овој Заклучок, согласно член 137 алинеа 4 од Законот за градење ("Службен весник на РМ" број 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11,13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16 и 132/16) не го одлага извршувањето на решението.

Поради тоа во оваа управна работа првостепеното решение во смисла на одредбите на член 142 од Законот за градење ("Службен весник на РМ" бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11,13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16 и 132/16) станува извршно со доставување заклучок на странката на која се однесува решението.

Бидејќи споменатото решение станало извршно се одлучи како во диспозитивот на овој Заклучок.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против ова решение недоволната странка има право на жалба до Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка во рок од 15 дена од денот на приемот на ова решение.
Жалбата се таксира со 200,00 денари по тарифен број 94 од Законот за изменување и дополнување за административни такси (Службен Весник на РМ број 6 од 15.01.2010).

**ОВЛАСТЕН ГРАДЕЖЕН ИНСПЕКТОР**
**дипл. инж. арх. Милан Пижула**